# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 05.12.2025 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 09 - Година 2025** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година;
2. Одлука за давање на користење патничко моторно возило OPEL ASTRA;
3. Одлука за разрешување на членови на Локален младински совет на општина Пехчево;
4. Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2026 година;
5. Одлука за усвојување на годишна програма за активностите на општина Пехчево во областа на туризмот за 2026 година;
6. Одлука за давање на користење (противпожарна опрема) на ДПД Пехчево;
7. Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево, за 2026 година;
8. Одлука за усвојување на Програма и план за работа на Спортски клуб ФК Напредок 2025 Пехчево;
9. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 проект „Нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево“ општина Пехчево;
10. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6.

Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2025 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево;

**11.** Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година;

Бр. 09-1356/1
05.12.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/2
05.12.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.Весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21 и 3/25), Советот на Општина Пехчево на 2-та седница одржана на 05.12.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2025 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2025 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 1.141.173 | 0 | 0 |
| | | **0** | **1.141.173** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 100.173 | 0 | 0 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 2.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 164.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 168.000 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 182.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **1.141.173** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2025 година.

Бр. 08-1344/1<br>05.12.2025 год.<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на користење**
**патничко моторно возило OPEL ASTRA**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење патничко моторно возило OPEL ASTRA, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/3 Општина Пехчево
05.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 30 од Статутот на Општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.12.2025 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**за давање на користење патничко моторно возило OPEL ASTRA**

Член 1

Советот на општина Пехчево го дава на користење патничкото моторно возило марка OPEL ASTRA 1.7 TDI, број на шасија W0L000058S2553293, на ОЈУДГ „7 Септември,. – Пехчево, за извршување на нејзините редовни активности.

Член 2

Возилото се дава на користење без надомест, со обврска корисникот да го користи исклучиво за службени потреби и да врши редовно одржување, регистрација и осигурување во рамки на сопствени средства.

Член 3

Меѓу општина Пехчево и ОЈУДГ „7 Септември,. – Пехчево ќе се склучи Договор за користење на возилото, со кој ќе се уредат правата и обврските на страните.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08-1345/1 Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување на членови на**
**Локален младински совет на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување на членови на Локален младински совет на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/4 Општина Пехчево
05.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002 и Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младнски политики („Сл.Весник на РСМ“ бр.10/2020), член 12–д од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата, одржана на 05.12.2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за разрешување на членови на**
**Локален младински совет на општина Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесува Одлука за разрешување на членовите на Локалниот младински совет на општина Пехчево и тоа:

1. Петар Карбински - поради негово барање;
2. Надица Таковска - поради нејзино барање;

**Член 2**

Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината, затоа нема да се именуваат нови членови.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр. 08-1346/1 Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/5 Општина Пехчево
05.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 5/2002), член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) и член 130 од Деловникот за работа на советот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на општина Пехчево за 2026 година**

I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на РСМ, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на општина Пехчево, Советот донесува Програма за работа за 2026 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со Градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, невладиниот сектор како и со други органи и организации.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2026 година согласно надлежностите на Советот. Програмата овозможува транспарентност во работата на општината и е отворена за постојано проширување и дополнување, согласно на укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од општината ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитет.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2026 година

**1. Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Пехчево за 2025 година**
Предлагач: Претседател на Совет на општина Пехчево
Изготвувач: Одделение за правни, општи работи и јавни дејности

**2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Пехчево за IV квартал  од 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на општина Пехчево
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања

**3. Информација за остварување на приходите по основ на даноци и такси за 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на општина Пехчево
Изготвувач: Одделение за урбанизам

**4. Завршна сметка на општина Пехчево за 2025 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Донесува: Совет на општина Пехчево

**5. Извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево**
Изготвува: Одделение за внатрешни работи - Берово, Полициска канцеларија - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Одделение за внатрешни работи - Берово, Полициска канцеларија - Пехчево

**6. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Пехчево за 2026 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам и комунални дејности.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Општина Пехчево

**7. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2026 година**
Изработува: Одделение за инспекциски работи - Инспекторат
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**8. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2025 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2025 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Финансиски план за работа на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2026 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**11. Годишен план за јавни набавки за 2026 година на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**12. Завршна сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2025 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**13. Извештај за работењето на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2025 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**14. Финансиски план за работа на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2026 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува; Совет на општина Пехчево

**15. Усвојување на програма за одржување на јавно зеленило во општина Пехчево за 2026 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**16. Усвојување на програма за изработка на Урбанистички планови во општина Пехчево за 2026 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**17. Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР за 2026 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**18. Усвојување на завршна сметка на матична библиотека „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година**
Изготвува: Стручна служба при матична библиотека ,,Кочо Рацин,, - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**19. Усвојување на завршна сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2025 година**
Изработува: Стручна служба при ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**20. Усвојување на завршна сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 година**
Изготвува: Стручна служба при Дом на културата Јане Сандански Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**21. Усвојување на завршна сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2025 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**22. Усвојување на полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2025/2026 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Совет на општина Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**23. Програма за одбележување на значајни празници и настани за 2026 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни празници и настани.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**24. Советнички прашања**

**Квартал Април - Јуни 2026 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Јануари - Март 2026 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Измена и дополнување на Буџетот на општина Пехчево (Ребаланс на Буџет) за 2026 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Извештај за зимското одржување на улиците во општина Пехчево за 2025-2026 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува:  Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Реализира: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Информација за здравствената исправност на водата за пиење во општинскиот водовод - Пехчево и чешмите во излетничките места во општина Пехчево за 2026 година**

Изготвува: ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево во соработка со ЈЗО - ЗЗЗ Кочани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Извештај за работењето на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за периодот 2025 - 2026 година**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот 2025 - 2026 година**
Изготвува: ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со градските гробишта во општина Пехчево за 2026 година**
Изготвува: ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Информација за состојбата со спортската сала Јане Сандански, спортски терении и објекти во општина Пехчево, за 2026 година**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Правилник за утврдување на критериуми, услови и постапка за доделување на еднократна парична помош за 2026 година**
Изготвува: Комисија за статут и прописи
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во општина Пехчево во текот на 2026 год. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување;**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Јули - Септември 2026 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Април - Јуни 2026 година;**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2026/2027 год**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Годишна програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2026/2027 година**
Изготвува: ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Давање на согласности на Предлог-Годишните планови за вработување за 2026 год на општинските основни училишта и јавни установи**

Предлагач: Директори на општинските основни училишта и јавни установи
Изготвувач: Општински основни училишта и јавни установи
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5.Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици и комбинирани паралелки во ООУ во учебната 2026/2027 година**
Предлагач: Директори на општинските основни училишта и јавни установи
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за реализација на средствата приберени по основ на комунална такса за јавно осветлување на општина Пехчево за периодот Јануари - Јуни 2026 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Годишен извештај за Јавната безбедност на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година**
Изготвува: ПС - Берово, Полициско одделение Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Информација за наплата на комуналните такси во 2026 год.**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Информација за состојбата со депонијата на територијата на општина Пехчево и предлог мерки за заштита**
Изготвува: Инспектор за комунални работи и заштита на животна средина во соработка со ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Програма за одбележување на „7-ми Септември„ ден на ослободување на Пехчево за 2026 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни настани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

11. Советнички прашања

**Квартал Октомври - Декември 2026 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за периодот Јули - Септември 2026 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година**
Изготвува: Одделение финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Предлог - Буџет на општина Пехчево за 2027 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Програма за одржување на улиците во зимски услови во општина Пехчево за 2026/2027 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Давање на согласности на Предлог-Годишните планови за вработување за 2027 година на општинските јавни претпријатија**
Предлагач: Директори на општинските јавни претпријатија
Изготвувач: Општински јавни претпријатија
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Програма за активностите на Општина Пехчево во областа на меѓународна соработка за 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Пехчево
Изготвувач: Одделение за ЛЕР
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Програма на активности од областа на заштита на животната средина и природата на Општина Пехчево за 2026 година**
Изготвува: Комунален инспектор
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Програма за уредување и одржување на градско зеленило во Пехчево за 2027 година**
Изготвува: Комунален инспектор
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Измена и дополнување на Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година**
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Буџет на Општина Пехчево за 2027 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**11. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Пехчево за 2027 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**12. Одлука за утврдување на вредноста на бод за плата на државни службеници за 2027 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања

Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**13. Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум за готовинско плаќање од Буџетот на Општина Пехчевово за 2027 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**14. Донесување на програма за работа на Советот на општина Пехчево за 2027 година**
Изработува: Комисија за изготвување на програма за работа на советот на општина Пехчево
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2026 година. Советот ќе донесува нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период, како и нормативни акти што треба да се донесат од страна на Советот врз основа на прописите, во текот на 2026 година.

IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се задолжуваат предлагачите и изготвувачите да се придржуваат на роковите утврдени со програмата. Во текот на 2026 година Советот на општината ќе ги разгледа и сите тековни прашања што спаѓаат во негова надлежност согласно член 36 од Законот за Локална самоуправа. Извршувањето на Програмата на Советот на општина Пехчево ќе зависи од законските и пред се од финансиските предуслови на општината и на другите субјекти со кои се поврзани зацртаните активности од истата.

Бр. 01-1347/1 — Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на годишна програма за активностите на општина Пехчево во областа на туризмот за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишна програма за активностите на општина Пехчево во областа на туризмот за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/6 | Општина Пехчево
05.12.2025 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 05.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишната програма за активностите на општина Пехчево во областа на туризмот за 2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Годишната програма за активностите на општина Пехчево во областа на туризмот за 2026 година.

**Член 2**

Годишната програма за активностите на општина Пехчево во областа на туризмот за 2026 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1348/1 | Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. | Претседател
Пехчево | Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр. 202/24), а во врска со член 30 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Пехчево („Службен гласник на Општина Пехчево“ бр.03/2021), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 05.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Пехчево за 2026 година во областа на туризмот**

**Поттикнување на развојот во туризмот**

**Вовед**

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата.  Со стратешкото планирање и развојот на туризмот во Општина Пехчево, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Стратешки проиритети**

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е во согласност со Стратегијата за развој на туризмот во општина Пехчево како и нејзините акциони панови аа имплементација на истата, исто така е и во согласност со стратешките документи за развбој на туризмот во Република С Македонија и е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратешките документи на општината  и усвоените приоритети:

- Дефинирање на туристичкиот производ и понуда, нивна промоција и презентација,
- Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
- Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,
- Утврдување на Пехчево како сериозна туристичка дестинација
- Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)

Согласно новите ингеренции на локалната самоуправа со процесот на децентрализација во областа на туризмот, во надележност на градоначалникот е водење на регистар на приватнисместувачки капацитети од мал обем. Преку одделението за ЛЕР ќе направат разни активности за евиденција, регистрација и категоризација на сместувачките капацитети од мал обем.

**Промоција на туристичката понуда**

Промоција на туристичката понуда на Пехчево и регионот ќе се врши преку електронските и печатени медиуми, учество во радио и тв емисии, поставување на банери на туристички портали и поставување на соодветна сигнализација. Промоцијата ќе се врши и преку изработка на  промотивни печатени материјали и учество на саеми. Во рамки на стратешките определби за развој на зимскиот туризам, а со тоа и на севкупниот економски развој на туризмот, општина Пехчево има потреба од изградба на дополнителни рекреативни и спортски содржини за збогатување на  турисчката понуда особено на централното градско подрачје,  место викано Керамидница (Панорама и Езерце), туритичкиот локалитет Равна река и археолошкиот локалитет Св. Петка. Тука исто така спаѓаат и меловите во с.Црник. Развојот на туризмот е една од основните стратешки определби, со изградбата на нови содржини и понуди за алтернативен туризам како и туризмот во екстремните спортови  и одредени содржини за зимски спортови ќе се овозможи економски раст на општината која и сега има препознатлив имиџ на туристичка дестинација. Сите овие процеси за збогатување на понудата, продолжување на сезоната со нови туристички содржини се очекува да овозможат отворање на нови работни места во општина Пехчево.

Во соработка со државните и општествено одговорни компании ќе се направат презентации за поттикнување на инвестиции со фокус на туристичката населба Равна Река за изградба на нови туристички атракции како и рехабилитација на постоечките по патеките на водопадите, набавка на урбана опрема и нејзино монтирање, возило за потребите на комуналните редари во општината и иницирање и сопствено учество за ископување и реставрирање на археолошки локалитети. Изградба на платформа за полетување на параглајдери од врвот Буковик со поглед накај градот како и платформа за набљудување на меловите во с.Црник како природна реткост во општината и малешевскиот регион. Една од поновите гранки во туризмот е и ловниот туризам, за оваа гранка општина Пехчево ќе поттикне додоелување на две концесии за ловишта кои се во атарот на општината и тоа ловиште Сараево за крупен дивеч и ловиште Чифлик кое е за ситен дивеч, исто така и пронаоѓање на инвеститор за реконструкција на планинарскиот дом и ставање во функција, со ова ќе се овоможи развој и на оваа гранка. Средствата за изградба на рекреативно спорсткате содржини за алтернативен, адреналински и рурален туризам кои ќе бидат нова туристичка понуда ќе бидат обезбедени по пат на учество на разни повици за меѓугранична соработка повици од државни институции и фондови, донации и инвестиции во туризмот од приватниот сектор и јавно приватно партнерство.

**Ставање во функција на Туристичко информативниот центар за 2026год**

- ТИЦ во согласност со Стратегијата за развој на туризамот во општина Пехево и акционите планови за имплементација на истата треба да понуди поголема достапност на информации за туристичките локалитети во Пехчево и да промовира потенцијали за инвестиции во туризмот во општина Пехчево, различнаподдршка и промоција за издигнување на потенцијалите за различните видови на туризам, како и зајакнување на институционалните и човечките капацитети за развој на туризмот во Пехчево.

**Таргет групи за користење на услугите:**

- ➢ Туристите и потенцијалните туристи кои го посетуваат Пехчево, неговите природни убавини и туристичките локалитети;
- ➢ Туристичките агенции
- ➢ Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република С Македонија
- ➢ Локалниот бизнис сектор и потенцијалните инвеститори
- ➢ Локалното население
- ➢ Учениците од основни, средни училишта и факултетите;
- ➢ Здруженија и организирани групи;

Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои преку меѓусебна соработка допринесуваат за организиран пристап на туристичкиот пазар.
Институционалната мерка и конкретни проекти несомнено ќе ја одразат посветеноста и ангажираноста на стручниот кадар во насока на подобрување на квалитетот на туризмот и пораст на локалниот економски бенифит на учесниците во туристичкиот сектор и подигнување на квалитетот на живот за жителите на Општина Пехчево.

Непосредното учество на релевантните фактори од сферата на туризмот, во процесот на планирање на програмата, представува основа за создавањето на изворната слика за местото, имиџот и комплетниот туристички производ кој треба да се понуди на туристичкиот пазар. Преку заеднички напори кои овозможуваат создавање на заедничка визија ќе се идентификува широк спектар на активности и ќе иницираат создавање на здрава основа врз која ќе се планираат понатамошните активности, а сето тоа ќе допринесе за мултиплицирање на бројот на гости и задоволни посетители.

Општина Пехчево се наоѓа во источниот дел на Република С Македонија со површина од само 206км2. Оваа општина е една од најатрактивните туристички локации во источниот дел на нашата држава. Популарноста се должи на природните убавини, незагадената животна средина и здравата традиционална храна, што ја нуди оваа локација на посетителите. Општина Пехчево како чиста и незагадена рурална средина, окарактизирана со уникатни природни реткости препознаени како национален ресурс за развој на алтернативниот и планински туризам.

**Завршни одредби**

Градоначалникот на општина Пехчево го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности. Ова Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Пехчево".

**Буџет**

| Активност | Временски рок во 2026 | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | Јануари- Декември | 153.000,оо |
| Промоција на туристичката понуда | Февруари-Декември | 120.000,оо |
| Промотивен материјал (билборди, банери,брошури, флаери, мапи и друг рекламен материјал) и изготвување на веб страница и нејзино оддржување | Јануари- Декември | 82.000,оо |
| Поставување на туристичка сигнализација | Јануари- Декември | 650.000,оо |
| Промоција на потенцијали за јавно приватно партнерство | Јануари - Декември | 126.000.оо |
| Вкупно | | 1.131.000.оо |

Пехчево, Декември 2025

Бр. 01-1348/2
05.12.2025 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на користење (противпожарна опрема) на ДПД Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење (противпожарна опрема) на ДПД Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/7 — Општина Пехчево
05.12.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 30 од Статутот на Општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.12.2025 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**за давање на користење (противпожарна опрема) на ДПД Пехчево**

Член 1

Советот на општина Пехчево дава на користење (противпожарна опрема 30 јакни 30 панталони 30 кациги), на ДПД Пехчево, за извршување на неговите потреби.

Член 2

Опремата се дава на користење без надомест.

Член 3

Меѓу општина Пехчево и ДПД Пехчево ќе се склучи Договор за користење на опремата, со кој ќе се уредат правата и обврските на страните.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08-1349/1 — Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/8 Општина Пехчево
05.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 05.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2026 година.

**Член 2**

Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2026 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1350/1 Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

---

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 ГОДИНА**

## 1. Вовед

Со Програмата за финансирање на проекти од областа на културата и спорот, чии активности се насочени кон развој на културата и спортот во општината, а од интерес на општина Пехчево за 2026 година, се утврдуваат нејзините цели и активности, како и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на културната политика и развојот на спортот на општина Пехчево, кои треба да ги исполнат носителите на културните и спортските активности, односно, тие да бидат во функција на културниот развој и развојот на спортот на општината во 2026 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на проектите, се утврдуваат активности кои ќе бидат финансирани со Програмата и висината на средствата за нивна реализација.

## 2. Цели

**Основна цел на Програмата за финансирање на проекти од областа на културата и спортот** чии активности се насочени кон развој на културата и спортот во општина Пехчево, е да се поттикне културната и спортската дејност на општинските институции, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на спортот, фолклорот, обичаите, вредностите кои се својствени за традицијата на нашето поднебје, како и организирање на културни манифестации, спортски натпревари и разновидни спесифични творештва преку:

- квалитетен и разновиден културен и спортски живот на ниво на општината;
- чување и афирмирање на матерјалното, духовното и културното наследство;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно – уметнички манифестации и спортски натпревари што се од интерес за општината;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат спортот, спортските активности, креативни и едукативни проекти од категории на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература ( книги/албуми/графички новели);
- подршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции, спортски клубови и други организации;
- одбележување на јубилејни настани и значајни датуми;
- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;
- организирање на фестивал и етно саем што се одржува традиционално во општина Пехчево;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;

- изведба на едукативни работилници за деца и млади, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата, младите и лицата со посебни потреби;

3. **Финанисрање на активностите утврдени со оваа Програма:**

- *Организирање на Етно саем „Пехчевски Павловден и Фестивал на дувачки оркестри - Пехчево“*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Период на реализирање на активноста:** 10 - 11 јули 2026 година. Активностите на овој проект се манифестираат преку организирање на саем на традиционална храна и рачни изработики на сувенири и носии, ракотворби, како и промоција на истите и организирање на фестивал на кој настапуваат естрадни ѕвезди, како од македонската така и од странската естрада за сите генерации, од најмалите до највозрасните;
  - **Целни групи на активностите:** Производителите/ производителките на рачни ракотворби и традиционална храна, граѓаните на општина Пехчево и соседните општини од Малешевско – Пијанечкиот регион, општините од Источниот плански регион како и потенцјалните туристи, сите учесници/учеснички во Фестивалот на дувачки оркестри;
  - **Очекувани резултати:** Со реализација на оваа културна активност се очекува да се збогати туристичката понуда за време на Етно саемот Пехчевски Павловден во Пехчево и Фстивалот на дувачки оркестри - Пехчево, да се зголеми бројот на учесници и потрошувачи, како и да се постигне поголема креативност на производите;

  - **Буџет: 3.000.000,00 денари**

- *Одбележување на денот на лагата и шегата 1 – Април – „Априлијада“*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Партнери во активноста:** ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и ОУ Дом на културата „Јане Сандански“ - Пехчево;
  - **Период на одржување на активноста:** 1 Април 2026 година;
  - **Целни групи во активноста:** Децата од детската градинка „7 Септември“ Пехчево и учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и населението од општина Пехчево;
  - **Очекувани резултати:** Развој на креативноста кај децата и родителите, во соработка со учителките од градинката и наставниците од училиштето во правење на маски, како и успешно организирана програма на Плоштадот Свети Петар и Павле, за децата – маскарада посетена од локалното население во општина Пехчево, дружба на маскембалската забава, со кловнови и аниматори, која ја организира општина Пехчево во соработка со основното училиште и детската градинка за сите граѓани на општината;

  - **Буџет: 25.000,00 денари**

- *Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“ – Пехчево;*
    - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активноста:** ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
    - **Период на одржување на активноста:** 7 Септември 2026 година;
    - **Очекувани резултати:** Свечено одбележан денот на ослободувањето на градот Пехчево, со вклученост на сите општински институции во свеченоста, положување на свежо цвеќе, свечена седница на Советот на општина Пехчево,на која учествуваат и децата од детската градинка кои на тој ден го прославуваат роденденот на институцијата;

    - **Буџет: 50.000,00 денари**

- *Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник – Водици;*
    - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активноста:** Црквата Св. Петар и Павле – Пехчево
    - **Период на одржување на активностите:** на 31.12.2026 година и 19.01.2027 година;

    - **Буџет: 120.000,00 денари**

- *Бела ноќ – 2026;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево
    - **Партнер на активноста:** Кафе бар „КИМ“ – Пехчево
    - **Период на одржување:** Август 2026 година;
    - **Очекувани резултати:** Зголемена културно – туристичка понуда во Пехчево, која ќе биде атрактивна како за локалното население, така и за туристите кои ќе дојдат да го посетат Пехчево во периодот на одржување на културната активност.
    - **Буџет:** Буџетот на културната манифестација „Бела ноќ“ е обезбеден од страна на Кафе бар „КИМ“;
    - **Општина Пехчево –** учествува со отстапување на просторот пред Кафе бар „Ким“ – Пехчево на Плоштадот во Пехчево;

    - **Буџет: 0 денари;**

- *Пехчево на точак – 2026 година;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Група граѓани;
    - **Период на одржување:** Јуни 2026 година
    - **Очекувани резултати:** Поголем број на учесници од нашата држава и од соседните земји, кои со велосипеди ги запознаваат убавините на градот Пехчево и околината, како и промоција на општината во државата и надвор од неа.

    - **Буџет: 5.000,00 денари**

- *Off Road – убавините на Пехчево;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Група граѓани;
  - **Период на одржување:** Мај 2026 година;
  - **Очекувани резултати:** Промоција на убавините на градот и привлекување на поголем број на туристи и учесници во оваа атрактивна туристичка и културна манифестација, преку која со џипови се вози и посетува планинскиот врв на Кадиица;

  - **Буџет: 5.000,00 денари**

- *Проектирање на цртани филмови за деца на платно на Плоштадот Свети Петар и Павле – Пехчево;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување:** Јуни – Август 2026 година;
  - **Очекувани резултати:** Проектирање на најгледаните цртани филмови на платно на Плоштадот Свети Петар и Павле за децата, кои во тој период се во Пехчево и за посетителите на градот Пехчево, како една културна манифестација и атракција за најмладата популација.

  - **Буџет: 5.000,00 денари**

- *Малешевско ѕвонче;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување:** 7 Септември или 11 Октомври;
  - **Очекувани резултати:** Зголемена туристичка понуда и атракција за најмладата публика, промовирање на учесниците од горенаведеното фестивалче, забава и културен настан за најмалдите.

  - **Буџет: 20.000,00 денари**

- *Ден без автомобили;*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Партнери во активноста:** ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево;
  - **Период на одржување на активноста:** Месец 22 Септември 2026 година;
  - **Очекувани резултати:** Подигање на јавната свест кај учениците за здраво живеење и спортување и подигање на свеста за зачувување на животната средина;

  - **Буџет: 3.000,00 денари**

- *Спортски игри;*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Партнери во активноста:** ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и Агенција за млади и спорт;
  - **Период на одржување на активноста:** Месец септември 2026 година;
  - **Целни групи во активноста:** Подигање на свеста кај учениците за здраво живеење и спортување;

  - **Буџет: 3.000,00 денари**

| **Финансирање на проекти од областа на културата за 2026 година** | | |
|---|---|---|
| *Реден број* | *Активности* | *Буџет* |
| 1. | Етно саем „Пехчевски Павловден“ и „Фестивал на дувачки оркестри“ - Пехчево | 3.000.000,00 денари |
| 2. | Одбележување на денот на лагата и шегата 1-април – „Априлијада“ | 25.000,00 денари |
| 3. | Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“ - Пехчево | 50.000,00 денари |
| 4. | Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник Водици | 120.000,00 денари |
| 5. | Бела ноќ 2026 | / |
| 6. | Пехчево на точак – 2025 година | 5.000,00 денари |
| 7. | Off road – 2025 година | 5.000,00 денари |
| 8. | Проектирање на цртани филмови на платно | 5.000,00 денари |
| 9. | Малешевско ѕвонче | 20.000,00 денари |
| 10. | Ден без автомобили | 3.000,00 денари |
| 11. | Спортски игри | 3.000,00 денари |
| **Вкупно:** | | **3.236.000,00 денари** |

**4. Завршни одредби**

За активностите од областа на културата и спортот кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе има потреба истите да бидат реализирани во текот на 2026 година и се од општ интерес за општината, Советот на општина Пехчево ќе изврши дополнувања на истата

Бр. 01-1350/2 — Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Програма и план за работа на Спортски клуб ФК Напредок 2025 Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма и план за работа на Спортски клуб ФК Напредок 2025 Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/9 Општина Пехчево
05.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.12.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Програма и план за работа на Спортски клуб ФК Напредок Пехчево 2025**

Член 1

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програма и план за работа на Спортски клуб ФК Напредок Пехчево 2025.

Член 2

Програмата и планот за работа на Спортски клуб ФК Напредок Пехчево 2025, се составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1351/1 Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

Врз основа на одредбите од Законот за Здруженија и фондации и Законот за спорт на Собранието на Здружение Спортски клуб ФУДБАЛСКИ КЛУБ НАПРЕДОК 2025 - Пехчево одржано на ден **21.08.2025** година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА НА**

**Спортски клуб ФК НАПРЕДОК 2025 ПЕХЧЕВО**

Општи цели на програмата:

- Унапредување на фудбалот како спорт
- Јакнење на спортскиот дух
- Насочување на младите од општината во правилен и спортски развој

Посебни цели на програмата:

- Развивање, организирање и спроведување на активности во клубот, придржувајќи се на одредбите од статутот на ФФМ;
- Собирање на поголем број на членови, симпатизери и играчи во здружението;
- Спроведување на одлуките, ставовите и заклучоците во областа на спортот, особено во фудбалот;
- Социјално воспитување на членовите, хуманизација и воспоставување на меѓучовечки односи, развивање на спортскиот и натпреварувачки дух и збогатување на соджините за искористување на слободното време;
- Натпреварување во фудбалска лига, тренинзи, пријателски натпревари, настап на спортски игри, манифестации и сл.
- Базични подготовки и одигрување на пријателски натпревари;

- Обезбедување на соодветна опрема за клубот (тренерки, топки, дресови, копачки, маици и др.)
- Уплата на котизација за непречено натпреварување во соодветниот фудбалски ранг;
- Обезбедување на патни трошоци, награди, регистрација на играчи и плаќање на членарина и тековни трошоци на ОФС Кочани;
- Учество во Детска лига на Македонија;
- Развивање на спортски и пријателски односи со други фудбалски клубови во регионот и земјата, како и со клубови од други земји во рамки на усвоените принципи и спогодби за соработка;
- Активно учество во работата на ФФМ преку свои претставници и делегати;
- Соработка со државни институции, правни и физички лица со цел изнаоѓање на средства за поддршка, спонзорство и донации;
- Формирање на пионерска и младинска школа и нивно вклучување во натпреварувачки нивоа;
- Основање на младинска фудбалска школа ФК НАПРЕДОК 2025, тренирање, учество во натпреварувачки ранг и унапредување;
- Организирање и учество на турнири;
- Спроведување на други активности и одбележување на спортски настани.

1. <u>**Развој на младинските категории во ФК НАПРЕДОК 2025 - Пехчево**</u>

- Дефинирање на стандардите за селекција и напредување на играчите преку нивоата на клубот;
- Обезбедување на сала, терен и реквизити за непречена и квалитетна работа на категориите играчи во клубот;
- Обезбедување на стабилни финасиски извори за работа на клубот;
- Зајакнување на маркетингот и промотивните активности за работа на клубот;
- Унапредување на работата на младинските категории преку соработка со други клубови.

2. <u>Унапредување на стручната работа:</u>

- Редовни неделни состаноци на тренерите на клубот;
- Дефинирање на годишни, сезонски, месечни и неделни планови за работа;
- Активно учество на тренерите во тренажниот процес;
- Дефинирање на играта и позициите на поедини играчи од страна на тренерите според прикажаните резултати.

3. <u>Насоки во работата на фудбалскиот клуб:</u>

- ✓ Поделба на играчите во тренажниот процес за да се обезбеди развивање на моторичките, функционалните и техничко-тактичките способности;
- ✓ Задолжителен е спортски лекарски преглед на секои шест месеци. Покрај тоа се вршат и моторички тестирања со помош на кои се следи развојот во поглед на брзината, силата и издржливоста;
- ✓ Инсистирање на редовност во посетата на часовите за фудбал, бидејќи со редовно доаѓање и совладување на однапред планирани програми за обука, тренирање и воспитување може да се гарантира дека играчот-почетник за некоја година може слободно да се оспособи да поседува фудбалско знаење како и најспособните во фудбалската игра;
- ✓ Клубот ќе води посебна документација за секој поединец за неговиот развој и напредок;
- ✓ Во поглед на воспитно-психолошката работа вниманието треба да се насочи кон создавање на здрави навики како што се:
  - Сериозен пристап кон обврските;
  - Осамостојување;
  - Лична одговорност;
  - Почитување на однапред поставени правила;
  - Тимска работа;
  - Почитување на тренерите и соиграчите;
  - Прифаќање на победа и пораз;

- Трпеливост;
- Развивање на самодоверба, самоконтрола, самокритичност;
- Правилна исхрана и водење лична хигиена.

✓ Постојана соработка со родителите и наставниците со што ќе се контролира успехот во училиштето;

✓ Организирање на заеднички подготовки и еднодневни екскурзии;

✓ Развивање на блискост и дружење, спортско воспитување, комуникација и соработка, флексибилност и толеранција преку активности за доброволно учество.

4. **Селекција во фудбалскиот клуб**

Селекцијата во клубот се врши во сите категории и на неа мора да се посвети посебно внимание. За да се стекне јасна слика за секој поединиец тренерите треба да ги мерат следните параметри:

I. **Морфолошки карактеристики:**
- Физичка градба
- Растот на играчот
- Волуменот на телото и масното ткиво.

II. **Функционална способност на организмот**

III. **Психо-моторички способности**
- Сила
- Брзина
- Издржливост
- Координација
- Флексибилност
- Прецизност.

IV. **Психо-социјални карактеристики на личноста**

V. **Физички способности.**

Во работата ќе се користат два начина на селекција и тоа:

1. **Спонтано (природно) селектирање** каде по пат на визуелизација ќе вршиме селектирање, а понатаму преку набљудување од страна на тренерите ќе се избираат поединци

2. **Организационо (планско) селектирање** каде потенцијалните можности и способности ќе се откриваат по пат на проверки и тестирања.

И кај двата вида селекција тренерите мораат да ги почитуваат следните аспекти:

- Здравствен аспект (здравствената состојба во склоп на фудбалската игра);
- Психолошки аспект (усогласеноста на самата личност со желбата да игра фудбал);
- Педагошко-етички аспект (спортскиот не смее да се гледа само како нетпреварувач, туку во исто време се набљудува целата негова личност);
- Социолошкиот аспект;
- Спортско техничкиот аспект;
- Организационо-техничкиот аспект.

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН на**

**Здружение Спортски клуб ФУДБАЛСКИ КЛУБ НАПРЕДОК 2025 Пехчево**

## 1 ТРОШОЦИ ЗА НАСТАП И КОТИЗАЦИЈА

| Средства за натпреварувачка сезона кон ФФМ | | | |
|---|---|---|---|
| Котизација за детска лига | 4 | 6000 | 24000 |
| Помлади сениори | 1 | 60000 | 60000 |
| **Вкупно** | | | **84000** |

## 2 ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ

| Транспортни трошоци | | | |
|---|---|---|---|
| Превоз за натпревари | 12 | 10000 | 120000 |
| Пт. Трош од село | 120 | 300 | 36000 |
| **Вкупно** | | | **156000** |

## 3 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА СТРУЧНИ ЛИЦА

| 3 Плати и надоместоци за стручни лица | | | |
|---|---|---|---|
| Надоместок за тренер | 12 | 15000 | 180000 |
| Надоместок за помошник тренер и тренер за млади | 12 | 15000 | 180000 |
| Тренер на пионерски категории | 12 | 5000 | 60000 |
| Домакин | 12 | 5000 | 60000 |
| Книговодител | 12 | 5000 | 60000 |
| **Вкупно** | | | **540000** |

**4 ОПРЕМА ЗА ИГРАЧИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Опрема** | | | |
| фудбалски комплети за играчи (дресови, шорц, штуцни) 2 броја -дома и гости | 70 | 1500 | 105000 |
| топки | 20 | 1500 | 30000 |
| Маици, шорц и чорапи (тренинг) комплета | 140 | 1000 | 140000 |
| Тренерки | 70 | 2000 | 140000 |
| Торбици | 70 | 500 | 35000 |
| **Вкупно** | | | **450000** |

**5 ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Технички средства и канцелариски материјали** | | | |
| Бојлер | 2 | 6000 | 12000 |
| Напитоци (вода и пларични шишиња) | 12 | 1000 | 12000 |
| Корнер знаменца | 1 бр. | 3000 | 3000 |
| Мрежи за гол | 1 пар | 10000 | 10000 |
| Средства за лична хигиена и опрема (шампон, прашок, бањарки, и др.) | 12 | 1000 | 12000 |
| Плакати и печатен материјал | 1 | 15000 | 15000 |
| WC шолја со казанче | 2 | 6000 | 12000 |
| **ВКУПНО** | | | **76000** |

Програмата стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од натпреварувачката 2025/2026 година.

Спортски клуб ФК НАПРЕДОК 2025 Пехчево

*Претседател:*

*МАРЈАНЧО ДИМИТРОВ*

Основачи на Здружение Спортски клуб ФК НАПРЕДОК 2025 Пехчево:

1. Марјанчо Димитров ____________________
2. Ерол Пилов ____________________
3. Андреј Митровски ____________________
4. Жарко Митровски ____________________
5. Виктор Андреевски ____________________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 проект „Нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево“ општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 проект „Нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево“ општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/10 Општина Пехчево
05.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02 и Сл. Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Јавниот повик за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 на АВРСМ, Советот на Општина Пехчево на 2-та седница одржана на ден 05.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 проект „Нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево“ оптшна Пехчево**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Пехчево во реализација на проектот работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 проект „Нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево“ општина Пехчево.

Член 2

Општина Пехчево ќе учествува во проектот со сопствено кофинансирање во износ од 336.000,оо денари од вкупната вредност на проектот работно ангажирање на невработени лица по

програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 проект „Нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево“ општина Пехчево.

Член 3

Доколку трошоците ја надминуваат максималната вредност на грантот, Општина Пехчево се обврзува да ги покрие сите средства над висината на грантот и доколку тоа ги надминува минималните 336.000,оо денари кофинансирање.

Член 4

Проектот работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 проект „Нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево“ општина Пехчево е аплициран и добиен од страна на АВРСМ на Јавниот повик за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025.

Член 5

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Пехчево за 2026/2027 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево“..

Бр. 08-1352/1 | Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. | Претседател
Пехчево | Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2025 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2025 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/11 — Општина Пехчево
05.12.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Јавниот повик за работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2025 на АВРСМ, Советот на Општина Пехчево на 2-тата седница одржана на ден 05.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2025 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Пехчево во реализација на проектот работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање - Јавни работи 2025 проект **„За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево.**

Член 2

Општина Пехчево ќе учествува во проектот со сопствено кофинансирање во износ од 33.600,оо денари од вкупната вредност на проектот работно ангажирање на невработени лица по

програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2025 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ оптшна Пехчево.

Член 3

Доколку трошоците ја надминуваат максималната вредност на грантот, Општина Пехчево се обврзува да ги покрие сите средства над висината на грантот и доколку тоа ги надминува минималните 33.600,оо денари кофинансирање.

Член 4

Проектот работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2025 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево е аплициран во АВРСМ на Јавниот повик за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025.

Член 5

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр. 08-1353/1
05.12.2025 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на втората седница одржана на ден 05.12.2025 година.

Бр. 09-1356/12 Општина Пехчево
05.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ на бр.05/2002, и Сл Весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.Весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21 и 3/25), Советот на Општина Пехчево на 2-рата седница одржана на ден 05.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Пехчево за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2025 година на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **К10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -1.500 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | 1.500 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2025 година.

Бр. 08-1354/1 Совет на општина Пехчево
05.12.2025 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

## С О Д Р Ж И Н А:


1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година ____3;
2. Одлука за давање на користење патничко моторно возило OPEL ASTRA ________________5;
3. Одлука за разрешување на членови на Локален младински совет на општина Пехчево ____ 6;
4. Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2026 година _____________________ 7;
5. Одлука за усвојување на годишна програма за активностите на општина Пехчево во областа на туризмот за 2026 година ____________________________________________________15;
6. Одлука за давање на користење (противпожарна опрема) на ДПД Пехчево ______________ 19;
7. Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево, за 2026 година ______________________________20;
8. Одлука за усвојување на Програма и план за работа на Спортски клуб ФК Напредок 2025 Пехчево ____________________________________________________________________ 26;
9. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - за работно ангажирање на невработени лица по програмата 7.1 ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА ЗА 2025 проект „Нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево“ општина Пехчево ______________________________35;
10. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - работно ангажирање на невработени лица по програмата 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи 2025 проект „За поубаво и почисто Пехчево“ општина Пехчево _______________________________________________________37;
11. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година _____________________________________________________________________ 39;